| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Другарство |
| **Содржина на денот** | Воден Ксилофон |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на навики на тема како и зошто треба да чекам ред на одбележано место и да држам растојание во градинка и надвор од неа. |
| **Активности** | Музичко истражувачка игра „Воден ксилофон”. Се што ви треба се 6-7 стаклени чаши. Наполнете ги со вода со различна количина од најмалку до најмногу. Тестирајте го звукот на секоја чаша како што ја полните за да го добиете звукот што го сакате. Пробајте неколку пати за да добиете различен звук. Иако тонот нема да биде точен како нотите ,играта е добар начин на забава .Потоа додадете боја за храна во секоја чаша, измешајте и ќе ги добиете боите на виножитото. Инструментот е готов за употреба. Ви треба уште и лажица за да можете да произведете звук. Креирајте сопствена мелодија или свирете ја нотната скала. Потоа може и да подржувате музика по ритам по избор на децата .Како за финале направете оркестар.<br>Потоа во продолжение со децата направете ликовно истражувачка игра „Виножито”. Потребно е да земете парче тоалетна хартија и на двата спротивни краја нацртајте со фломастери виножито. Потоа земете две чаши со вода и поставете ја хартијата во полукружна форма допирајќи ја водата. Виножитото ќе се создаде боејќи ја целата хартија. Во текот на активностите дозволете им на децата самостојно да работат бидејќи така подобро учат.<br>Пронајдете ја детската песна ,,Виножито,виножито“, слушајте ја со децата,а кога ќе имате можност појдете заедно во природа да го пронајдете Виножитото. |